# Застапувај го вистинскиот Бог!

**Упатство:** Седни на тивко место и прочитај ги стиховите што се дадени подолу. Додека читаш, замисли си дека си во тоа време и на тоа место. Претстави си ги околината и луѓето. Слушај ги гласовите. Соживеј се со чувствата на главните ликови. Живо претстави си ги настаните.

**Главни ликови:** Илија, Ахав и околу 450 пророци на Ваал.

**Кратка содржина:** Илија покажува дека, за разлика од Ваал, Јехова е моќен Бог.

## ❶ *АНАЛИЗИРАЈ ЈА СЦЕНАТА.* (*ПРОЧИТАЈ 1. ЦАРЕВИТЕ 18:17-40.*)

На еден лист нацртај скица од која може да се види каде се наоѓале Илија, пророците на Ваал и жртвениците.

Какви звуци допираат до тебе додека читаш за хаосот опишан во стихови од 26 до 29? ________________________________

Што мислиш, како се чувствувал Илија додека зборувал со пророците на Ваал? ________________________________

## ❷ *РАЗМИСЛИ ПОДЛАБОКО.*

Зошто Илија требало да биде храбар за да зборува со Ахав и потоа да го направи испитот што понижил стотици пророци на Ваал? (Мала помош: Прочитај 1. Царевите 18:4, 13, 14.) ________________________________

Истражувај темелно и дознај нешто повеќе за обожавањето на Ваал. На пример, какви обичаи се практикувале? Како влијаело тоа врз Израелците? ________________________________

Што мислиш, зошто Илија ископал дупка околу Јеховиниот жртвеник, а потоа побарал да се наполни со вода? ____________________

____________________

____________________



❸ ***ИЗВЛЕЧИ ПОУКА. ЗАПИШИ СИ ШТО НАУЧИ ЗА...***

храброста да се застапува вистинскиот Бог: ____________________

____________________

____________________

благословите што ги добиваат оние кои се храбри: ____________________

____________________

____________________

***ДРУГИ ПОУКИ.***

Во кои ситуации би можел да покажеш поголема храброст додека го застапуваш вистинскиот Бог? ____________________

____________________

____________________

❹ ***ШТО ТИ ОСТАВИ НАЈСИЛЕН ВПЕЧАТОК ОД ОВОЈ ИЗВЕШТАЈ, И ЗОШТО?*** ____________________

____________________

____________________

____________________

## Информации во врска со обласниот конгрес

Почнувајќи од оваа година, датумите и локациите на кои ќе се одржат обласните конгреси повеќе нема да бидат наведени во *Стражарска кула*, туку можат да се најдат на веб-страницата jw.org.

www.jw.org © 2011 Watch Tower Bible and Tract Society of Pennsylvania